# З А К О Н ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЕМЕНСКИ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ РАСТЕНИЈА

Член 1

Во Законот за семенски и саден материјал за земјо-делски растенија („Службен весник на Република Македонија” број 39/2006), насловот на Главата XII “КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ” се менува и гласи: “ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ “.

Член 2

Во членот 66 став 1 воведната реченица се менува и гласи: “Глоба во износ од 3.500 до 5.000 евра во денар-ска противвредност ќе му се изрече на правното лице за прекршок, ако:”.

Ставот 2 се менува и гласи:

“Глоба во износ од 1.300 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот 1 на овој член. “

Ставот 3 се менува и гласи:

“За дејствијата од ставот 1 на овој член покрај гло-бата на правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на дејност во траење од ед-на до пет години. “

Ставот 4 се менува и гласи:

“За дејствијата од ставот 1 на овој член покрај гло-бата, на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на должност во траење од една до пет години.”

Ставот 5 се менува и гласи:

“За дејствијата од ставот 1 на овој член покрај гло-бата, на правното лице ќе му се изрече и посебна пре-кршочна мерка одземање и уништување на семенскиот и садниот материјал. “

Ставот 6 се менува и гласи:

“За дејствијата од ставот 1 на овој член покрај гло-бата на физичкото лице ќе му се изрече и посебна пре-кршочна мерка одземање и уништување на семенскиот и садниот материјал. “

Член 3

Во членот 67 став 1 воведната реченица се менува и ласи: “Глоба во износ од 1.500 до 3.500 евра во денар-ка противвредност ќе му се изрече на правното лице а прекршок, ако:”.

Ставот 2 се менува и гласи:

“Глоба во износ од 600 до 1.200 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице о правното лице за дејствијата од ставот 1 на овој член. “

Ставот 3 се менува и гласи:

“За дејствијата од ставот 1 на овој член покрај глобата, на правното лице ќе му се изрече и прекршочна анкција забрана за вршење на дејност во траење од ед-на до три години. “

Ставот 4 се менува и гласи:

“За дејствијата од ставот 1 на овој член покрај глобата, на одговорното лице во правното лице ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење на должност во траење од една до три години. “

Ставот 5 се менува и гласи:

“За дејствијата од ставот 1 на овој член покрај глобата, на правното лице ќе му се изрече и посебна пре-кршочна мерка одземање и уништување на семенскиот и садниот материјал. “

Ставот 6 се менува и гласи:

“За дејствијата од ставот 1 на овој член покрај глобата на физичкото лице ќе му се изрече и посебна пре-кршочна мерка одземање и уништување на семенскиот и садниот материјал. “

Член 4

По членот 67се додава нов член 67-а, кој гласи:

“Член 67-а

Прекршочна постапка за прекршоците предвидени о овој закон води надлежниот суд .
Пред поднесување на барање за прекршочна по-тапка за прекршоци предвидени со овој закон, Мини-терството за земјоделство шумарство и водостопанс-во води постапка за порамнување и посредување сог-ласно со Законот за прекршоците. “

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.